**20120491345**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Врз основа на член 80-а став 6 од Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11 и 11/12), министерот за здравство, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПАРАЛЕЛЕН УВОЗ НА ЛЕКОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за паралелен увоз на лекови, во рок утврден во членот 80-а став 3 од Законот за лековите и медицинските помагала.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец „Барање заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за паралелен увоз на лекови”, со формат А4 во бела боја, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, назив на барањето, назив на правното лице, седиште на правното лице, краток опис поради кој се поднесува барањето, број, датум и место и потпис на подносителот на барањето.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува копие од барањето за добивање одобрение за паралелен увоз на лекови.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 15-2660/1
3 април 2012 година
Скопје

Министер за здравство,
**Никола Тодоров,** с.р.

Прилог

До писарницата на
директорот на Агенцијата за лекови

**Б А Р А Њ Е**
заради недонесување на решение по барањето за добивање одобрение за
паралелен увоз на лекови

Од ________________________________________________________, со
(назив на правното лице)
седиште

во__________________ , на улица ________________________________ , број

_______ .

На _______________________________________ поднесов барање за
(ден, месец и година)

добивање одобрение за паралелен увоз на лекови.

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Бидејќи во рокот утврден во членот 80-а став 3 од Законот за лековите и медицинските помагала не е донесено одобрение за паралелен увоз на лекови, односно не е донесено решение за одбивање на барањето, поднесувам барање до директорот на Агенцијата за лекови да донесе решение за паралелен увоз на лекови, односно решение за одбивање на барањето за паралелен увоз на лекови.

Кон ова барање доставувам копија од поднесеното барање за добивање одобрение за паралелен увоз на лекови.

Подносител на барањето

________________________
(правно лице)

Број: ____________________
Датум: __________________
Место: __________________